Врз основа на член 63 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25), член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“, бр.4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 14.10.2025 година, донесе:

**О д л у к а**

**за утврдување на**

**Урбанистички проект со план за парцелација за спојување на ГП 13.24 и ГП 13.25 од Детален Урбанистички план на дел од Блок 22 (Блок 13, Урбана единица 2 согласно ГУП) во Општина Струмица**

**Член 1**

Се утврдува Урбанистички проект со план за парцелација за спојување на ГП 13.24 и ГП 13.25 од Детален Урбанистички план на дел од Блок 22 (Блок 13, Урбана единица 2 согласно ГУП) во Општина Струмица.

Предметниот проектен опфат е составен од една градежна парцела означена во планската документација со ГП 13.24-13.25.

Градежната парцела ги зафаќаат катастарските парцели со КП5818/1, КП5818/2, КП5818/3, КП5818/4, КП5817/5, КП5819, КО Струмица, општина Струмица во сопственост на „Моноградба ИНГ“ ДООЕЛ Струмица. Површината на градежниот опфат се утврдува на 691,07m$^2$. Границата на градежниот опфат е определен со границите на ГП 13.24 и ГП 13.25 од Детален Урбанистички план на дел од Блок 22 (Блок 13, Урбана единица 2 согласно ГУП) во Општина Струмица.

**Член 2**

Комисијата формирана од Градоначалникот на Општина Струмица со Решение 09-3745/1 од 08.05.2023 год., во состав: Софија Ристова д.и.а., Нада Михајлова, д.и.а., Маја Јанковска д.и.а., и надворешните членови: Елина Трендова, д.и.а. и Андреј Манев, д.и.а, согласно чл.36, од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 101/25 и 127/25), даде стручно мислење за утврдување на **Урбанистички проект со план за парцелација за спојување на ГП 13.24 и ГП 13.25 од Детален Урбанистички план на дел од Блок 22 (Блок 13, Урбана единица 2 согласно ГУП) во Општина Струмица** со технички број 03-197/2025 од јули 2025год., изработен од ДПТУИ „Идеа-Консалтинг“ ДООЕЛ Струмица.

**Член 3**

Оваа одлука е составен дел на **Урбанистички проект со план за парцелација за спојување на ГП 13.24 и ГП 13.25 од Детален Урбанистички план на дел од Блок 22 (Блок 13, Урбана единица 2 согласно ГУП) во Општина Струмица** со технички број 03-197/2025 од јули 2025 год., изработен од ДПТУИ „Идеа-Консалтинг“ ДООЕЛ Струмица и се состои од:

-текстуален дел,

-графички приказ (документациона основа и планска документација).

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Сл.гласник на Општина Струмица”.

Бр.08-7442/1
15.10.2025 год.
С т р у м и ц а

Совет на општина Струмица
Претседател,
Марјан Даскаловски